# Драгоцено и декоративно

**● Кон изложбата на Драган Поповски-Дада во Галеријата „Стоби“ во Скопје**

Драган Поповски-Дада (1933) излага мала пластика на фигуративни теми изведени во мермер. Неговиот начин на работа и стилските белези се препознатливи, а сега белиот мермер, белите ѕидни површини и белата светлина создаваат ретко чувство на суптилно поврзување и проткајување на елементите. Дада покажува врвно техничко умеење, сигурност во обработката на деловите и нивното поврзување во целина. Пропорциите на телото и главата на неговите необични фигури се дадени според неговото сопствено чувство така што може да ни изгледаат набиени или издолжени во некои делови, но тие се секогаш во функција на создавање своевидни полуреалистични, полуфантастични суштества. Таквиот впечаток се поткрепува со извесната трансформација и стилизација на формата, необичната поставеност на фигурите како и со сјајната површина на мермерот. Необичноста произлегува и од поврзувањето на органското и елементите на „роботско“ во фигурите. Дада нив ги решава со нагласка на нивната полна пластичност, кога се согледуваат од сите страни, потоа одозгора или со доминирање на фронталната визура.

Во овие дела се сменува волуменот и релјефот, контурата и линијата што говори за инвентивност во решавањето на едно скулпторско дело. На изложбата се сменуваат исправени и седнати фигури, голи тела (полуоблечени) припиени до тлото или подигнати, смирените вертикали со динамичните дијагонали итн. Притоа, забележливо е дека авторот на голем број дела им обезбедува целосност со подеднаков пластичен третман на телото и облеката, низ стилизација и измазнетост на нивните форми. Некаде мазната површина се сменува со рапави делови, но тоа не го намалува впечатокот на манирстичност во приодот во кој човечкото тело и наборите на облеката се подеднакво живо доловени. Творбите на Дада и по формат и по начинот на обработка делуваат како мали драгоцени предмети со декоративна функција. Тој се вбројува меѓу најдобрите познавачи на мермерот и негова уметничка обработка кај нас, откривајќи ни ги неговите изразни можности и во обработката на фигура чии елементи ги наоѓаме во поранешното творештво на овој уметник.

**Владимир Величковски**